Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 02-4862
27.08 2019 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ 103/2008……161/2019)и член 71 од Статутот на училиштето,Училишниот одбор на ООУ „Васил Главинов“ Велес на седницата одржана на ден 26.08.2019 година ја донесе следната

П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А

За усвојување на Годишната програмај за работа на ООУ„Васил Главинов„-Велес за учебната 2019/2020год.

Член 1

Училишниот одбор на ООУ „Васил Главинов“ Велес на ден 26.08.2019 год.ја разгледа Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020год.и ја предлага на Советот на Општина Велес на усвојување.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

Претседател на Училишен одбор

Оливера Нецинова

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 01-487/2
27.08.2019 год.
В Е Л Е С

ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ

ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА РАБОТА НА ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ - ВЕЛЕС
ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА



Август, 2019

Вовед

Годишната програма за работа на училиштето е изготвена врз основа на Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони, Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), Наставните планови и програми, правилници, Концепција за деветгодишно образование, развојните цели, постигнатите резултати од претходната учебна година, заклучоците од стручните органи на училиштето и единствено воспитно делување на сите видови на работа.

ООУ "Васил Главинов" - Велес е деветогодишно училиште чија основна дејност е воспитна - образовна на ученици од I - IX одделение.

Училиштето е основано од Општина Велес од 23.10.1955, верифицирано е со Решение бр.10-942/3 од 8.06.1994 г на Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија.

Училиштето е регистрирано во Централниот регистер со решение бр.4025563 од 26.01.2007 год.
Општинското основно училиште „Васил Главинов" воспитно - образовната работа ја организира и реализира во еден матичен објект, Објект бр. 2 во Превалец (петгодишно) и 4 подрачни училишта - с.Бузалково (деветолетка), с. Клуковец, с. Раштани и с. Сливник (петгодишни).

Матичниот објект е граден етапно, постариот дел е изграден 1960 г., а поновиот 1971 год. Наставата во матичното училиште и подрачното во с. Раштани и Превалец се изведува на македонски јазик, а во Бузалково, Сливник и Клуковец на албански наставен јазик.

Согласно Одлуката број 07-2035/6 донесена од Советот на Општина Велес, извршена е реонизација меѓу училиштата во градот и Општината, според која опфатени се сите ученици кои припаѓаат на ова училиште.

2.Лична карта на училиштето

Име на училиштето	ООУ"Васил Главинов"
адреса, општина, место	Адреса: Никола Карев – 2
телефон	Телефон: 043 211 – 255
фах	Телефон/ факс: 043 211 – 255
е-маил	oouvasilglavinov@yahoo.com
основано од	Општина Велес
Верификација- број на актот	4025563
Година на верификација	1994
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски и албански
Година на изградба	1960
Тип на градба	Тврда
Површина на објект централно	6900 м^2
ПУ с.Раштани	62 м^2
ПУ с.Бузалково	975 м^2
ПУ с Сливник	142 м^2
ПУ с.Клуковец	60 м^2
ПУ нас. Превалец	82 м^2
Површина на училшниот двор	Централно 16 690 м^2
	ПУ с.Раштани 2000 м^2
	ПУ с.Бузалково 4880 м^2
	Пу с Сливник 3500 м^2
	ПУ с.Клуковец 1000 м^2
	Објект 2 нас. Превалец 82 м^2
Површина на спортски терени и игралишта	Централно-1634
Училиштето работи во смена	Централното и ПУ с. Бузалково работат во 2 смени
Начин на загревање на училиштето	Централно-парно(нафта) и ПУ с. Сливник, Објект 2 нас. Превалец- парно, 3 подрачни-огревно дрво
Број на одделенија	91
Број на паралелки	87
Број на смени	2
Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)	Зелено знаме – три пати
Датум на добиен статус	2014, 2015 и 2018

Просторни услови


	ООУ„Васил Главинов	ПУ с.Раштани	ПУ с.Бузалково	ПУ с. Сливник	ПУ с. Клуковец	Објект бр.2 нас. Превалец
Вкупен број на училишни згради	1	1	1	1	1	1
Број на подрачни училишта	5					
Бруто површина	33359	84	4250	3582	1100	771
Нето површина	15918	62	250	142	100	276
Број на спортски терени	3	/	2	/	/	/
Број на катови	П+2	1	П+1	1	1	1
Број на училници	41	2	9	4	3	3
Број на помошни простории	15					2
Училишна библиотека	1		1			/
Начин на загревање на училиштето	Нафта	Огревно дрво	Огревно дрво	Нафта	Огревно дрво	Огревно дрво


- **Материјално- технички услови**

Материјално технички услови	
Образовна технологија	***Количина***
Електронски дисплеј	1
Компјутери	496
Лап - топ	431
ЛЦД-проектор	5
Скенер	3
Печатар	7
Фотокопир	3
Телевизор	17
ДВД	16
Касетофон	25

Графоскопи	7

Мапа на училиштето и план на просториите











Структура на училиштето

Членови на училиштен одбор (име и презиме)	Оливера Нецинова, Катерина Најдов, Исмаил Јакупи, Ангелче Гушев, Зоран Јанкуловски, Габриела Бачманова, Снежана Балова, Зорица Попова-Илиева, Лидија Атанасовска
Членови на совет на родители (име и презиме)	Поради големиот број на членови во Совет на родители, дадени се во прилогот кон годишната програма на училиштето
Стручни активи (видови)	Македонски јазик, Странски јазик, Ликовно образование, Музичко образование, Математика – информатика, Биологија - хемија – физика, Историја - географија - граф.култура, Техничко образование, Физичко образование
Одделенски совети (број на наставници)	117
Членови на ученичка заедница (број на ученици)	87
Членови на еко-одбор (број)	11

Наставен и ненаставен кадар

Одд.	**вкупно**	**Етничка и полова структура на вработени**									
		Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Роми**		**други**	
		м	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**
Број на вработени	153	21	96	30	6						
Број на наставен кадар	117	12	73	26	6						
Број на стручни соработници	6	1	5								
Административни работници	3	/	3								
Техничка служба	25	6	15	4							
Директор	2	2	/								

Степен на образование на вработени

Образование	Број на вработени
М-р	5
Високо образование	88
Виша стручна спрема	35
Средно образование	25

Старосна структура на вработени

Години	Број на вработени
20-30	21
31-40	26
41-50	36
51-60	59
61 - пензија	11

Ученици

Одд.	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Етничка и родова структура на учениците									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	11	196	65	64	38	27	1	1	0	0	0	0
II	9	**212**	78	55	43	33	1	2	0	0	0	0
III	11	**183**	66	61	31	25	0	0	0	0	0	0
IV	11	**213**	62	70	36	40	2	1	1	0	0	1
V	12	**187**	68	57	32	27	1	1	1	0	0	0
I - V	**54**	**991**	**339**	**307**	**180**	**152**	**5**	**5**	**2**	**0**	**0**	**1**

VI	**9**	**225**	82	88	34	21	0	0	0	0	0	0
VII	8	**199**	58	72	28	40	1	0	0	0	0	0
VIII	8	**173**	68	65	26	14	0	0	0	0	0	0
IX	8	**191**	66	76	22	26	1	0	0	0	0	0
VI - IX	**33**	**788**	**274**	**301**	**110**	**101**	**2**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
I - IX	**87**	**1779**	**613**	**608**	**290**	**253**	**7**	**5**	**2**	**0**	**0**	**1**

Наставен јазик

	Наставен јазик-македонски	**Наставен јазик-албански**
Број на паралелки	61	26
Број на ученици	1236	543
Број на наставници	85	32

3. Мисија и визија

МИСИЈА

Вработените во училиштето, родителите и учениците имаат заеднички збир на вредности и визија и мисија за училиштето. Училиштето има своја препознатлива изјава за мисијата, во која се нагласени целите и приоритетите во неговата работа.

ЛОГО : „Училиште во кое СИТЕ учат“

Училиштето промовира знаење, вештини и ставови кои допринесуваат учениците да донесуваат одлуки кои не само што позитивно ќе влијаат на поединецот, туку и на опкружувањето. Тенденцијата е да создаваме услови кои овозможуваат образование на учениците според нивните можности и афинитети, развој на нивните вештини, компетенции и ставови во функција на сестран развој на личноста. Училиштето развива инклузивна политика, поддршка на различностите, на надарените ученици како и учениците со потешкотии во развојот.

Се поттикнува критичкото мислење и толеранција, Се развиваат стратегии и методи на учење и поучување на учениците кои допринесуваат да се подобрат нивните постигнувања.,

Училиштето го поддржува професионалниот развој на наставниот кадар. Едукацијата на наставниот кадар е во чекор со иновациите и промените во образованието, а со цел и да се постигнат високи образовни стандарди.

Преку тимска работа и соработка наставниците изготвуваат и реализираат квалитетни проекти. Тенденција е развивање и негување на вештини на меѓуетничка толеранција, како и развој на еколошката свест. Сакаме да останеме отворена институција која преку соработката со родителите, локалната заедница, социјалните партнери и останатите релевантни субјекти и е пример на добра соработка-партнер училиште.

Визија

Со Визијата за развој на училиштето - ***Училиште со услови и стручност за максимален развој и едукација на учениците*** приоритет се инклузивните политики. Ќе настојуваме работата во училиштето да се темели на детските права и мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста, сигурноста и безбедноста во која сите ученици ќе напредуваат според своите индивидуални способности, како и на ефикасната партиципација на сите вклучени во неговата работа.

Ќе се превземаат активности: подобрување на квалитетот на наставата преку: професионален развој на наставен кадар, подобрување на условите за работа во училиштето, опремување на училници и кабинети со современа образовна технологија, подобрување на воспитната компонента; поддршка на инклузивно образование; подигање на еколошката свест кај учениците; зајакнување на компетентноста на стручните активи и тимови за осовременување на наставата; зајакнување на соработка со родителите како партнери во воспитно-образовниот процес.

4. Стекнати искуства

Со континуираниот професионалниот развој на наставно-воспитниот кадар и примената на информатичката технологија настојуваме да го унапредуваме квалитетот на наставата, креативноста и индивидуалниот потенцијал кај учениците и нивниот развој. Се реализираа повеќе обуки во училиштето и надвор од него. Едуцираните наставници ги дисеминираат обуките и практично ги применуваат стекнатите знаења и искуства.

Со цел да се подобри и успехот на учениците во соработка со наставниците се применуваат техниките на учење и методи на поучување во согласност со индивидуални можности на учениците. Оценувањето е според етичкиот кодекс на оценување. Учениците се вклучуваат во процес на самооценување – благовремено се информираат за методите и критериумите на оценување по наставни предмети. Учениците со нивните наставници – ментори учествуваа на голем број општински, државни и меѓународни натпревари и освоија низај награди и признанија.

Од страна на стручната служба, во соработка со ученичката заедница, се организираа предавања за учениците, работилници, дискусии и дебати на состанок на ученички заедници, се оддржуваа одделенски часеви; советодавна помош на група или поедини ученици, координирано во соработка со родителите. Кај учениците градиме вредности за: оспособување за примена на знаења и умеења во животот и понатамошното образование, развивање на чувство на одговорност, п Се реализираа повеќе активности за

подигнување на еколошката свест:Одбележување на денот на планетата Земја со учество на конкурс на тема „Здрава животна средина“; Учество на ЕКО самит –Скопје; учество на ликовни и литературни конкурси; одбележување на 22 Септември 2019 - Европска недела за мобилност; 16 Октомври 2019 – Награден конкурс Еко пакет Македонија 2019“,
Во соработка и поддршка од општината, училиштето по трети пат е добитник на зелено знаме раведност, трудољубивост, почитување и исполнување на граѓанските права и обврски.

5.Подрачја на промени, приоритети и цели

1 Подобрување на квалитетот на реализација на наставата
Потреба од едукација на наставен кадар за идентификување на потребите на учениците за учење и детектирање на тешкотиите при учењето;работа со надарени и талентирани ученици; Обезбедување поддршка за процесот на инклузивна настава и учење на сите нивоа; Подобрување на квалитет на настава преку реализација на интегрирани часови од нагледен карактер со примена на ИКТ;Обезбедување на спортски реквизити за реализација на спортска активност; Опремување на библиотеката со технички средства и лектирни изданија; Обновување на училишен инвентар- набавка на столарија за столчиња.
2. Подобрување на воспитната компонента.
Работилници за превенција од болести на зависност и превенција од насилство; Потреба од едукација на учениците за конструктивно разрешување на конфликтите.

3. Подобрување на услови за работа во училиштето
Замена на стара дрвена столарија со ПВЦ врати во училници во ПУ с. Бузалково и Објект бр.2; Поставување ПВЦ прозори во административна просторија; Поставување ламинатен под во административна просторија; Потреба од естетско доуредување на училниците, кабинетите и холовите на училиштето;Подобрување на условите за работа во ПУ с. Клуковец со изградба на нова училишна зграда; Поставување на ламинатен под во ПУ с. Бузалково (на цел кат); Стругање и лакирање на бродски под во ПУ с. Бузалково; Замена на котел за пелети во Објект бр.2; Преградување на училница во Објект бр. 2; Обновување на стара дотраена фасада на училиштето
4. Подобрување на квалитетот на креирање на училишна политика
Развивање на партнерство помеѓу родителите и училиштето;Развивање на еколошката свест кај учениците, наставниците и родителите.

6. Акциски планови

	Година 2019/2020															
		Временска рамка (месец)														Следењ.
Задача	Активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	Носител	Начин на спроведување (ресурси)	инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Изградба на нова училишна зграда во ПУ с. Клуковец	Да се изгради нова училишна просторија	X									X	X	X	Надворешен изведувач	Изготвување предлог проект	фотографии, записници	Подобрени услови за наставата по ФЗО	Директор
Развивање на партнерство помеѓу родителите и училиштето	Да се подобри комуникацијата со родителите со едукација .	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	стручни соработни Наставниц родители ученици	Потребен материјал за брошури	интервју, анкетни прашалници извештаи, книга за евиденција,	Присутност на родителите во училиштето;	Наставни Ученици Директор Стручна слу
Потреба од едукација на наставен кадар за идентификување на потребите на учениците за учење и детектирање на тешкотиите при учењето	Реализација на обука идентификување на потребите за учење и детектирање на тешкотиите при учењето Консултативни средби	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X	X		Стручна служба Стручни активи	Работен материјал	записи статистички извештаи	Зголемен е бројот на наставници кои умеат да ги идентификуваат и да излезат во пресрет на специфичните тешкотии во учењето на учениците	Стручни активи
Потреба од едукација на наставен кадар за работа со надарени и талентирани ученици	Реализација на обука –							X	X	X				Директор Стручна служба Стручни активи	Икт Работен материја	увид во педагошка евиденција, акциско истражување	Подобрени компетенции на наставен кадар	Стручна служба
Потреба од опремување на кабинетите , библиотеката со нагледни средства	Опремување на библиотека,кабинетите со нагледни средства	X	X	X					X	X	X			Директор Работен тим Надворешна куќа	Икт Работен материјал	Обезбедени нагледни средства Документ за набавки	Опремени кабинети со нагледни средстава	Директор

Реновирање на спортските терени(трим патека, пешачки патеки,осветлување)	Да се прошири спортската сала Изгради гардероби									X	X	X	Надворешен изведувач	Изготвување предлог проект	фотографии, записници	Подобрени услови за наставата по ФЗО	Директор
Обновување на стара дотраена фасада во училиштето	Изготвување предлог и замена на стара фасада	X	X						X	X	X		Работен тим Надворешно лице	Изготвување предлог проект	Видео и фото запис;Записници	Заштеден е огревен материјал до 30%	Директор

7. План за евалуација на акциските планови

1. Подобрување на квалитетот на реализација на наставата

- Едукација на наставен кадар за идентификување на потребите на учениците за учење и детектирање на тешкотиите при учењето

Критериум за успех: стекнати сертификати,примена на современи методи на поучување во наставата, успехот на учениците;Инструменти: записи од увиди на часови, статистички извештаи, постигнувања од ученички натпревари, портфолио на ученици;Носител на активностите: директор, заменик директор, стручни активи, инклузивен тим. Временска рамка: континуирано.

- **Поддршка на надарени и талентирани ученици, како и ученици со потешкотии во развојот**

Критериум за успех: Реализирана обука за работа со надарени и талентирани ученици, индивидуални програми за работа со ученици кои имаат потешкотии во развојот, напредување на учениците според нивните индивидуални можности

Инструменти: аналитички листови, статистички извештаи, увид во педагошка евиденција, акциско истражување

Носител на активностите: наставник, стручни соработници, директор, заменик директор

Обезбедување на спортски реквизити за реализација на спортска активност; Опремена библиотеката со технички средства и лектирни изданија; Обновувен училишен инвентар- Обновување на училишен инвентар- набавка на столарија за столчиња.

2. Подобрување на воспитната компонента.

Критериум за успех: Конструктивно разрешување на конфликти меѓу учениците, Намален број на дисциплински проблеми

Инструменти: статистички извештаи, записи од стручна служба и наставници

Носител на активностите: директор,наставник, стручни соработници, ученици

3. Подобрување на услови за работа во училиштето

Критериум за успех: Заменета стара дрвена столарија со ПВЦ врати во административна просторија во централно училиште и Заменета на стара дрвена столарија со ПВЦ врати во училници во ПУ с. Бузалково и Објект бр.2; Поставувени ПВЦ прозори во административна просторија; Поставувен ламинатен под во административна просторија во централно училиште; естетско уредени училниците, кабинетите и холовите на училиштето; нова училишна зграда во ПУ ц. Клуковец; Поставувен ламинатен под во ПУ с. Бузалково (на цел кат); лакиран бродски под во ПУ с. Бузалково; Заменет котел за пелети во Објект бр.2; Преградена училница во Објект бр. 2; Обновувена стара дотраена фасада на училиштето ***Инструменти***: фотографии, записници,документи, извештаи.

4. Подобрување на квалитетот на креирање на училишна политика

- Развивање на партнерство помеѓу родителите и училиштето

Критериум за успех: Присутност на родителите во училиштето; Зајакнување на самодовербата и сигурноста на родителите во давање помош на детето во учењето дома. **Инструменти/извори**: интервју, анкетни прашалници, извештаи, книга за евиденција, Носител на активностите: наставник, стручни соработници, директор, ученици. Временска рамка: континуирано.

- **Интеграција на еколошката едукација во наставата**

Критериум за успех: Имплементирање на седумте чекори од Еко-Програмата, развивање на свеста и стекнување на знаења и вештини кај учениците за заштита на животната средина

Инструменти/извори: анекс годишна програма за интеграција, планирања, интервју, анкетни прашалници, извештаи, книга за евиденција, Носител на активностите: координатор на еко, директор, наставници, стручни соработници, ученици, преставници од локална средина.

8. Календар за работа

КАЛЕНДАР за учебната 2019/2020

седмица	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18	19	20	
раб. ден./месец		септември			октомври				ноември					декември							
понеделник	2	9	16	23	30	7	14	21	28	4	11	18	25	2	9	16	23	30	6	13	16
вторник	3	10	17	24	1	8	15	22	29	5	12	19	26	3	10	17	24	31	7	14	18
среда	4	11	18	25	2	9	16	23	30	6	13	20	27	4	11	18	25	1	8	15	16
четврток	5	12	19	26	3	10	17	24	31	7	14	21	28	5	12	19	26	2	9	16	17
петок	6	13	20	27	4	11	18	25	1	8	15	22	29	6	13	20	27	3	10	17	16
сабота	7	14	21	28	5	12	19	26	2	9	16	23	30	7	14	21	28	4	11	18	
недела	8	15	22	29	6	13	20	27	3	10	17	24	1	8	15	22	29	5	12	19	
		20			+	21			+	21				+	21						= 83

седмица	21	22	23	24	25	26	27	28	28	30	31	32	33	34	35	36	37	38	39	40	41	
раб. ден./месец	јануари			февруари				март				април					мај			јуни		
понеделник	20	27	3	10	17	24	2	9	16	23	30	6	13	20	27	4	11	18	25	1	8	19
вторник	21	28	4	11	18	25	3	10	17	24	31	7	14	21	28	5	12	19	26	2	9	21
среда	22	29	5	12	19	26	4	11	18	25	1	8	15	22	29	6	13	20	27	3	10	21
четврток	23	30	6	13	20	27	5	12	19	26	2	9	16	23	30	7	14	21	28	4		20
петок	24	31	7	14	21	28	6	13	20	27	3	10	17	24	1	8	15	22	29	5		17
сабота	25	1	8	15	22	29	7	14	21	28	4	11	18	25	2	9	16	23	30	6		
недела	26	2	9	16	23	1	8	15	22	29	5	12	19	26	3	10	17	24	31	7		

Работни денови во 2019/2020: ПОНЕДЕЛНИК= 35 ВТОРНИК= 39 СРЕДА= 37 ЧЕТВРТОК = 37 ПЕТОК= 33 — 98

8 Септември (недела/понеделник) Ден на независноста на РМ, 11 Октомври(петок) Ден на народното востание, 23 Октомври (среда) Ден на Македонската Револуционерна Борба, 8 Декември (недела/понеделник) „Св. Климент Охридски“, 1 Мај (петок) Ден на трудот, 24 Мај (недела/понеделник) „Св. Кирил и Методиј“, 26 Април (петок) Велики Петок, петок пред Велигден, 29 Април (понеделник) втор ден Велигден, 5 Јуни (среда) – Рамазан Бајрам

ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР: 16. септември – Светски ден за заштита на озонската обвивка ;22. септември – Европски ден без автомобили; 26. септември – Светски ден за чисти планини; 08.октомври – Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата; 15. Октомври – Меѓународен ден на пешаците; 16. Октомври- Меѓународен ден на храната; 05. март– Светски ден за заштеда на енергија; 22. март – Светски ден за заштита на водата; 22. април –Ден на планетата Земја; 15. мај – Интернационален ден на акција за клима; 31. мај– Светски ден против пушењето; 05.јуни- Светски ден за заштита на животната средина, Ден на акција на еко-училиштата – се реализира двапати во текот на една учебна година

9. Настава

Вид на наставата

Согласно со Наставниот план и програма за основно образование наставата се планира, организира и реализира и истата континуирано се следи. Со реализација на наставата се остваруваат основните образовни и воспитни цели на училиштето. Преку наставниот процес учениците се стекнуваат со трајни знаења, вештини, умеења и формираат систем на ставови и вредности и ги развиваат своите индивидуални способности.

Во планирањето и реализацијата на наставата се посветува потребното внимание на сите ученици според нивните образовни потреби. Согласно со Наставниот план во училиштето се организираат и реализираат следните облици на настава:

- Задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава.

-Организација на задолжителна настава

Задолжително образование на учениците според старосната возраст поделено во три периода и тоа од I до III, од IV до VI и од VII до IX одделение.

- Запишувањето на учениците во I одд. за учебната 2019/2020 год. се изведува според начинот и во согласност со Законот за основно образование и е во надлежност на комисијата за упис на првачиња.
- Во училиштето сеуште е во тек деветгодишното образование, задолжителен странски јазик е англискиот, а втор странски јазик е француски и германски јазик.
- Пред почетокот на учебната година се изработува распоред на редовна настава, до 15 септември и распоред за додатна и дополнителна настава, како и распоред за дежурства на наставниците и учениците.
- Наставниот процес ќе се изведува согласно со Наставниот план и Програма на Министерството за образование на Р.Македонија, Бирото за развој на образованието и плановите и програмите на училиштето.

Наставата се реализира во две смени. Наставата за првата смена започнува во 7^{30} часот, а за втората од 13^{00} часот. Наставата се реализира во кабинети и училници.

Изборна настава - Врз основа на реализираната анкета со родителите на учениците од VI одд. - избрани се следните изборни предмети: Запознавање на религии, Етика во религиите и Класична култура во европската цивилизација од понудените три. Учениците во VII одд. ќе изучуваат: Унапредување на здравје, Изборен спорт, Вештини на живеење.

Учениците од VIII одд. ќе изучуваат: Изборен спорт, Унапредување на здравје , Проекти од музичка уметност.

IX - Проекти од ликовна уметност, Проекти од информатика, Изборен спорт, Унапредување на здравјето, Народни танци и ора.

Во во IV одд и V одд - Творештво.

Изборните предмети за ученици кои следат настава на албански јазик: VI - Етика во религии, VII - Вештини на живеење, VIII - Програмирање и IX одд - Проекти од информатика.

Дополнителна настава ќе се организира со онаа категорија на ученици од второ до деветто одд. кои не се во состојба да го следат ритамот и динамиката на наставниот процес.

Додатна настава ќе се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност по одделни наставни предмети применувајќи поактивни организациони форми и методи на работа.

Продолжен престој ќе се организира за учениците од I - V одделение со временски термин од 7^{00} - 15^{00} часот. Во сите видови и фази на наставата, родителите можат активно да се вклучат, со целосна поддршка и соработка на училишните тимови

Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани

Програмата за работа со надарени и талентрани ученици се заснова на се она што е во зависност со потребите и интересите на учениците. Посебно внимание ќе се одржи на карактеристиките на талентираноста, учењето, креативноста, особините на личноста за потенцијалните таленти, методите и формите на работа, кои ќе бидат насочени кон самостојно учење и користење информации, развивање на способност, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија и сл. Преку предавања ќе се влијае на сензибилизација на родителите за идентификација на посебните карактеристики на детето.

Активности кои ќе се реализираат: Идентификацијата на овие ученици е со примена на тестови за утврдување на специфичните способности на учениците, запознавање на наставниците со надарените ученици и видот на надареност, вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности, следење на индивидуалните постигања на надарените учениците,вклучување на учениците во натпревари, Индивидуална советогавна работа со родители, Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на надарените ученици.

Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби

Училиштето е вклучено во програмата *Инклузивно образование во основно училиште.* Во рамките на оваа програма се реализираат обуки и различни активности во училиштата насочени кон подобро разбирање на инклузивното образование и јакнење на капацитетите на училиштато за работење со различни групи ученици. Во училиштето е формиран училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, поддршка во изготвување на Индивидуален образовен план (ИОП).За работа со ученици со посебни образовни потреби, училиштето има изготвено Протокол за идентификација и следење на деца со здравствени, емоционално-социјални проблеми, процедурата за идентификација на деца со посебни образовни потреби - идентификација, следење,изготвување на годишни, тематски и дневни планирања за работа со ученици со ПОП. Учениците со ПОП ќе бидат активно вклучени во проектни активности од МИО и ЕКО, како и во еколошките патроли.

Училиштето е вклучено во поголем број проекти:

Програма-*Инклузивно образование во основно училиште,* поддржана од канцеларијата на УНИЦЕФ и МОН; Креативна настава и учење каде што главен акцент се става на латерални техники на учење;*Математика со размислување* и македонски јазик- во организација на БРО, МОН, МЦГО, УСАИД; *Со читање до лидерство* - во организација на Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор", УСАИД , МОН и ДИЦ. Меѓународна студија за оцена на почетната состојба со јазична и математичка писменост кај учениците од второ и трето одделение; *Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај младите на училишна возраст* – Меѓународно истражување во соработка со МОН и СЗО;*Отвори го срцето* - Центар за интегрална рехабилитација „Виготски" – Велес; *Зелен пакет јуниор* - МОН, Министерство за животна средина и просторно планирање; Интеграција на еколошка едукација во образованието- во соработка со ОХО и МОН; „Еднаков пристап за еднакви можности"; Заедничка Програма на Европска

унија и Совет на Европа „Регионална поддршка за инклузивно образование"; Меѓуетничка интеграција во образованието-МЦГО, УСАИД, МОН; Намалување на насилството во училиштата - како да се сменат нештата.

Употреба на ИКТ во наставата

Образовната технологија е составен дел во реализација на наставата. Континуираното се осовременува настава со што им се овозможува на учениците да имаат пристап до најновите информации, податоци. Информатичко компјутерската технологија во голем процент е застапена во наставата, секој наставник во своите планирања има предвидено часови со употреба на ИКТ. Наставниците ќе користат асистивни уреди и софтвер за учениците со посебни образовни. Учениците и наставниците активно ќе се вклучат во телеколаборативни проекти, ќе се организираат предизвици на различни теми, креирање на дигитални образовни содржини. Ефикасно ќе се користи информатичко - комуникацискатa технологија со што ќе се поттикнува учењето преку истражување и учениците ќе се стекнат со вештини за критичко размислување.

10. Оценување

Оценувањето на учениците е формативно и сумативно. Ќе се имплементираат стандарди и критериуми на оценување,почитување и примена на основните принципи на оценувањето, учениците ќе бидат вклучени во процес на оценување и самооценување, наставниците имаат перманентна стручна поддршка. Континуирано ќе се следат постигнувањата на учениците.Училиштето има изготвено извештај од самоевалуација.

Активности	Носители	Временска рамка
Планирање и имплементирање на сумативно оценување на учениците во Годишната програма, програми на стручни активи, тематско-процесни планирања	стручна служба, наставници	август
Запознавање на учениците и родителите со етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците	стручна служба, наставници	септември
Планирање на формативно оценување во дневни подготовки	наставници	континуирано
Соработка на стручната служба со стручните активи во дефинириање на методи и инструменти на оценување, ниво на знаења, вештини и способности	наставници	континуирано
Запознавање на учениците со критериумите и методите на оценување	наставници	септември
Вклучување на ученици во процес на оценување и самооценување	наставници	континуирано
Следење и поддршка на постигнувањата на учениците и давање повратна информација	Наставници, стручна служба	континуирано
Информирање на родителите за постигнувањата на учениците	Наставници, стручна служба	континуирано
Примена на активни методи на учење и поучување кои го поттикнуваат учењето	Наставници	континуирано
Професионален развој на наставен кадар: - реализација на нагледни часови и анализа, следење и користење на стручна литература, учество на обуки/семинари	стручна служба, БРО Акредитирани институции	континуирано
Изготвување на инструменти на оценување (тестови, контролни задачи, аналитички и холистички листи) во функција на формативно и сумативно оценување	наставници, стручна служба	континуирано
Сумативно оценување	наставници	четири тромесечија
Анализа на успехот на учениците и планирање на активности со цел да се подобри успехот по	директор,	три тромесечија

одредени предмети.	стручна служба, наставници	
Подобрување на организацијата на хоризонтално учење	Стручни активи	континуирано
Анализа на сумативно оценување на постигнување на учениците	директор стручна служба, наставници	декември/јануари мај/јуни
Компаративна анализа на постигнувањата на учениците	директор, стручна служба	јуни/јули

Тим за следење, анализа и поддршка

Оценувањето на учениците ќе се врши според предвидените стандарди. За усогласеноста на оценувањето со стандардите ќе се врши следење, анализа и проверка од страна на стручен тим, составен од директор, стручна служба, предметни и одделенски наставници. Тие ќе имаат конкретни задолженија и операционализиран план за следење. За континуирано следење на оценувањето педагошко-психолошката служба изработува периодични аналитички извештаи.

Самоевалвација на училиштето

Самоевалуацијата, како систематски и транспарентен процес, ни овозможува да ја согледаме актуелната ситуација во училиштето. Таа е рефлексија на нашата пракса со цел да ја подобриме нашата работа со учениците и компетенциите на вработените и нивниот професионален развој.
Самоевалуацијата се реализира врз основа на Правилник за начинот и областите за вршење на самоевалуација на основно училиште. Училиштето има предвидено динамика на следење на планираните активности, нива анализа и евалуација.

Воннаставни активности

- ***Училишен спорт***

За подобрување на здравствената и психофизичка состојба на учениците и нивен правилен развој во училиштето ќе се реализираат повеќе спортски активности:мал фудбал, одбојка, ракомет, пинг понг, бадминтон, кошарка и атлетика за момчиња и девојчиња. За динамиката на реализација на активностите наставниците по ФЗО и одделенските наставници имаат изготвено програми. Училиштето ќе земе активно учество на сите спортски натпревари.

- ***Секции и слободни ученички активности***

Во училиштето на учениците им се нудат секции и слободни ученички активности во согласност со нивното барање и интереси, а со цел да се задоволат нивните потреби и афинитети. Со активно учество на учениците во воннаставните активности ќе се делува на зголемување на самодовербата на учениците, на мотивираноста за тимска работа и натпревари. Наставниците одговорно ќе ја реализираат својата програма и ќе ги подготвуваат учениците за учества на натпревари, во разни културни и едукативни настани организирани на ниво на училиште, општина и држава.

- ***Ученички натпревари***

Натпреварите влијаат кај учениците да се развива натпреварувачки дух, другарство, продлабочување и проширување на нивните знаења.
Според нивото на одржување, тие се училишни, општински, регионални и републички. Ученичките натпревари ќе се организираат за учениците од VI - IX одд. по сите наставни предмети. Учениците од одделенска и предметна настава ќе учествуваат на Меѓународен натпревар по математика - Кенгур. Интерните натпревари ќе се реализираат според однапред изготвен план и во нив ќе земат учество ученици од I - IX одд.

Општествено хуманитарна работа

Основни приоритети на оваа задача е позитивниот однос кон работата, почитување на човечкиот труд, средствата за производство како и резултатите од вложениот труд. Преку реализиција на активностите учениците треба да се стекнат со основни знаења, навики и нивна примена во производствените и другите општествено-корисни работи, одржување на хигиената во училиштето и во неговата околина. Планираните активности ќе ја поттикнуваат хуманоста и еколошките навики кај учениците, ќе се организираат базари, хепенинзи, хуманитарни настани по повод Денот на училиштето или други одбележувања, одбележување на празниците според календарот, со јасно дефинирани содржини, време на реализација. Во активностите ќе бидат вклучени и родителите.

11. Поддршка на ученици

- Постигнување на учениците

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, редовноста,работните навики, степенот на заинтересираност и ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата .
Постигнувањета на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување. Следењето и оценувањето ќе бидат насочени кон оценување на процесот на учење, активностите кои се практикуваат, способности и вештини кои се развиваат. Ќе се цени продуктивното знаење кое ќе биде употребливо во нови ситуации и за решавање нови проблеми со цел да се оспособат учениците за продолжување на образованието на академско ниво и вклучување во процесот на трудот. Стручната служба дава континуирана поддршка на учениците за нивната професионална ориентација.
За учениците кои постигнуваат солидни резултати, училиштето има изградено критериуми за избор на најдобри ученици и согласно со критериумите истите се наградуваат и пофалуваат. Нивните успеси ќе се промовираат и во поширокота јавност преку јавни настапи и електронски медиуми.

Превентивни програми

Училиштето превзема активности за превенција од насилното однесување на учениците, подигнување на свеста кај учениците за последиците од насилното однесување. Училиштето има училишна политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките кои ги превзема училиштето за намалување на насилното однесување.
Во училиштето ќе се реализираат повеќе превентивни програми: Превенција од сајбер насилство, „Безбедни училишта - хармонична средина, превенција од семејно насилство, превенција од ХИВ, превенција од вирусни инфекции, превенција од ТБЦ, превенција од

болести на зависност, превенција од сексуална злоупотреба. Со учениците ќе се обработуваат теми за конструктивно разрешување на конфликти, вештини на комуницирање, видови на насилство, превенција од психоактивни супстанци, решавање на лични проблеми, запознавање на учениците со институциите во кои можат да се обратат, како помош на оние кои земаат дрога.
Ќе се реализираат работилници за подобрување на комуникациските вештини помеѓу учениците, тимска работа и делегирање на улоги, другарство, пријателство, толеранција.Активностите ќе се реализираат во соработка со СВР –Велес , Центар за социјални работи, ЈЗУ Здравствен дом Велес, Црвен крст и др. Во училиштето ќе се реализира и Програма за Советување на родители.

- Безбедност во училиштето
Училиштето има изработен план за движење при евакуација и на секој спрат се поставени скици на кои се претставени сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат да се стигне до нив. Определени се наставници кои се одговорни при несакани елементарни непогоди. Континуирано се спроведува и програмата за поддршка на ученици кои не го почитуваат Кодексот на однесување, ќе се одржуваат работилници и трибини..

- Позитивна социо - емоционална клима
Еден од факторите кој влијае врз создавањето на пријатна, стимулативна и креативна атмосфера во одделението е успешната комуникација.Таа е значајната детерминанта со која на учениците им се дава еднакви можности почитувајќи ги нивните можности и афинитети. Ученици кои имаат емоционални проблеми ќе добиваат поддршка во развивањето на способностите и вештините кои ќе им овозможат напредок. Покрај тоа што им даваат совети и насоки на наставниците и родителите за работа со децата што се соочуваат со потешкотии во учењето, стручните соработници, во многу случаи ќе даваат и интервентна или подолготрајна индивидуална /непосредна /директна поддршка на некои од овие ученици.
Во училиштето ќе се реализираат работилници со ученици со потешкотии во развојот, родители и наставници во соработка со претставници од Регионалниот центар за поддршка на инклузивно образование. Активностите и содржините ќе бидат прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Целта на активностите е да се обезбеди почитување на личноста, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаков однос во однесувањето кон сите ученици и родители, негување на слободата за изразување и сл.

12. Грижа за здравјето

Планирана програмска активност	Цел на активноста	Реализатор	Време на реализација	Очекувани исходи
Осигурување на учениците	Превенција за обештетување од повреди	Училиште	Септември	Надомест за евентуални повреди
Исхрана во училиштето-квалитет на достапна храна	Обезбедување на квалитетна и здрава храна за учениците	Училиште	Септември	Квалитетна и здрава храна за учениците во училиштето
Вакцини	Да се обезбеди заштита и	Здравствена	Динамика според	Заштита и превенција

	превенција	установа	ЈЗУ	
Систематски прегледи	Преземање мерки за заштита и превенција; навремено откривање на евентуални болести	Здравствена установа	Динамика според ЈЗУ	Заштита на здравјето и навремено лечење од евентуални заболувања
Превенција од заразни болести (предавање	Како да се заштитиме од заразните болести	Стручно лице	Октомври	Како да се заштитиме од заразните болести
Предавање на тема - Грип и превенција од грипот	Мерки за заштита и превенција од грип	Во соработка со Здравствен дом и Црвен Крст	декември	Мерки за заптита и превенција од грип
Залевање на заби	Заштита и превенција на забите	Амбуланта	Динамика според ЈЗУ	Заштита и превенција на забите
Одржување на хигиената во училиштето и училишен двор	Подобрување на хигиената во домот училиштето	Наставници од одделенска и предметна настава	континуирано	Подобрување на хигиената во училиштето и училишен двор
Одбележување на 7 април- Светскиот ден на здравјето	Негување и чување на здравјето на учениците	Наставници од одделенска и предметна настава	мај	Едуцирани ученици за заштита од сезонски заболувања

Едукација за здрава исхрана- Едукацијата за здрава исхрана е со цел учениците да се едуцираат за здравата исхрана, подигање на нивна свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите. Во училиштето ќе се реализираат едукативни предавања,промотивни активности и кампањи.

13. Училишна клима и односи во училиштето

Дисциплина

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето, ќе бидат вклучени сите субјекти во училиштето како и родителите. Навремено ќе се преземаат конкретни мерки (идентификација на ученици кои не го почитуваат кодексот на однесување, советодавни разговори со нив, вклучување на родителите, дежурстава на наставниците). За дежурствата на наставниците ќе се изработи и распоред..

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во текот на целата учебна година учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето ќе водат грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето и опкружувањето.Во училиштето континуирано работи тим за естетско уредување на холовите и училишниот двор. Активностите се насочени кон уредување и одржување на училниците и кабинетите, катчињата со ученички изработки во училишните ходници, уредување на училишниот двор и останатите простории во училиштето.
Во сите активности ќе бидат вклучени сите ученици без разлика на нивната етничка и национална припадност.

Етички кодекси

Во училиштето години наназад има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките заедници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.

Мулти-културализам

Во рамките на мулти – културализмот во училиштето ќе се продолжи имплеменацијата на мултиетничкото образование кое е дел од Програмата за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти. За неговата реализација има изготвено план со активности насочени кон меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите, промовирање на редот, мирот, сожителството, културното наследство, традицијата на различните етникуми. Ќе се реализираат активности во кои ќе има размена на културите, традициите, културното наследство и образовните вредности.
Активностите од акциониот план ќе бидат имплементирани во редовната настава и воннаставните активности.

Програмата за антикорупциска едукација на учениците
Целта на оваа програма е учениците да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок"; да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството; да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

Односи меѓу сите структури

На ниво на училиште континуирано се води грижа за подобрување на комуникацијата на сите нивоа. Покрај реализирани обуки за подобрување на комуникациските вештини се организираат заеднички дружења, прослави, екскурзии. Училиштето има изготвено:Кодекс на однесување за вработени, ученици и родители; Еко кодекс; Правилник за однесувањето на учениците во училиштето и училишниот двор; Правилник за изрекување педагошки мерки на учениците; Процедури за превенција од физички

повреди и елементарни непогоди,превенција од насилство.Раководниот тим преку континуирана соработка и состаноци со сите структури врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми.

Раководниот тим секојдневно разменува мислења и идеи за тековните проблеми и прашања од работата на училиштето. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, секогаш се почитуваат. Преку почитување на Законот за основно образование и интерниот Правилник кој е изготвен на ниво на училиште, училиштето има политика во врска со дисциплината, дисциплинските мерки и поведението на учениците и вработените.

За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани. Училиштето тековно дава поддршка за унапредување на здравјето преку систематските прегледи и превентивните прегледи за хигиена, преку предавања организирани од стручни лица. Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители ,чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби. За да се подобри квалитетот на училиштето се вршат анализи на резултатите добиени на полугодието и на крајот на тековната учебна година и врз основа на сознанијата се прават планирања за следната учебна година.

Еколошки активности

Секоја година врз база на резултатите од спроведената анкета за анализа на состојбата со животната средина, еко- одборот изработува план на активности за реализација на еколошката програма. Планот на активности содржи избрани точки на акција од сите чекори еко-менаџмент и шесте еко-стандарди.

Планот на активности ги содржи целите за реализација, времето и начинот на реализација, одговорните лица и планираните потребни средства.

Еко-одборот по изготвениот план на активности врши следење и евалуација на реализација на активностите од еколошката програма, врз основа на конкретни индикатори за мерење на успехот и постигнувањата на реализираните активности и придобивките на училишната заедница од истите.

14. Професионален развој на образовниот кадар

Развојните програми во училиштето кои се однесуваат на професионалниот развој на наставниците се изготвуваат така што ги мотивираат и оспособуваат наставниците за квалитетна работа која им помага за подобра ефикасност во наставниот процес, успех на секој учесник како поединец и училишната организација како целина. Наставниците не се само корисници на професионалното знаење кое го произведуваат други, туку и произведувачи и на нови знаења. Тие се одговорни пред новите барања и превземат активности како дел од прпомените во училиштето и поширокатa општествена средина.

Професионализмот во училиштето се гради врз основа на:

- Професионалниот развој на наставниците
- Се фокусира на работата во училницата

- Професионалното учење зазема централно место во унапредување на училиштето
- Училиштето го организира професионалниот развој на кадарот

Професионалиот развој е насоченост кон развојот и учењето и се потпира на определени вредности во работата. Тој претставува динамично разбирање на учењето и е континуиран процес.Го поддржува учењето, дејствува во насока на поттикнување на одговорноста кај учениците за учење; овозможува соработка на сите нивоа во училиштето, со новите партнери на подрачјето на технологијата, културата, работното живеење и социјална работа.

Професионален развој на образовниот кадар континуирано ќе се следи од страна на директор и стручна служба и се водат професионални досиеа за секој наставник.

Професионалниот развој е заедничка агенда на сите вработени.

Врз основа на самоевалуацијата на наставен кадар, стручна служба и директор, како и Планот за развој на училиштето планирани се следните обуки во тековната година:

- Едукација на наставен кадар за работа со надарени и талентирани ученици
- Едукација на наставен кадар за поддршка и оценување на ученици со ПОП
- Едукација за изготвување личен план за професионален развој

Детектирање на потребите и приоритетите

Современите потреби на нашето училиште го надминуваат класичното административно и просторно распоредување на лугето на работни места. Професионалниот развој како кадролошка категорија претставува систем на постапно зголемување на професионалната компетентност во текот на школувањето и работата. Тоа е еден динамичен процес кој постојано се надградува и усовршува со цел да се постигне подобар квалитет и ефикасност на училиштата за што поголема улога има успешното раководење и управување со наставничкот потенцијал.

Активности за професионален развој

Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците и дисеминации од проектите кои ќе ги реализараат нашите наставници за своите колеги од централното и подрачното училиште. Пред почетокот на секоја учебна година во училиштето се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој. Во согласност со финансиските можности на училиштето се планираат и други посети на обуки кои ги одржуваат овластени обучувачи.

Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку личниот план за професионален развој, професионалното досие на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации организирани од училиштето.

Хоризонтално учење

Хоризонталното учење подразбира организирано и планирано пренесување на знаењата или размената на професионалните искуства внатре во училиштето или помеѓу училиштата преку стручни активи, организирање на отворени часови, работилници и слично.

Тимската работа и училишната клима

Подигнување на квалитетот на воспитно образовниот процес е можно само кога во него ќе се вклучат повеќе учесници здружени професионално и со користење на умешноста на секој од учесниците.Меѓусебната соработка и почитување игра важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците.Акцент се става на отворена комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.
Тимската работа меѓу наставниците и училишната клима ќе се подобрува преку одржување на состаноци на ниво на стручни активи, на кои ќе се пронаоѓаат ефективни решенија за детектираните проблеми. Наставниците на ниво на генерација и активи тимски ги изработуваат годишните и тематските планирања, тестовите за проверка на знаењата и разменуваат предлози и искуства се со цел за подобра и поефективна настава.

15. Вклученост на семејствата во училиштето

- Во животот и работата на училиштето
Основата цел на училиштето е активно вклучување на семејството во повеќе аспекти од животот и работата во одделението и училиштето воопшто. Ефикасната соработка детерминира постоење на односи на заемно почитување помеѓу одделенскиот наставник и родителите. Соработката со родителите се планира заедно со нив, зависно од можностите и интересите на самите родители и потребите на воспитно - образовниот процес. Преку Советот на родители односно програмата за работа, родителите се вклучени во сите активности на училиштето.
Формите на соработка со родителите се разновидни:

- Разговори и средби (индивидуални, во мали групи)
- Информирање на родителите (усно и писмено со белешки, тетратки, информативни материјали и др.)
- Учество во планирање на воспитно - образовната работа
- Учество во реализацијата на одредени активности во одделението и во поширокаta средина
- Родителите даваат идејни планови за одредени активности во училиштето
- Учествуваат во донесување одлуки и решенија во интерес на сите субјекти во училиштето
- Заеднички излети, прошетки, театарски и куклени претстави и сл.

- Во процесот на учење

Родителите ќе имаат можност да учествуваат во планирањата за учениците со ПОП, постојано ќе бидат информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето,наставниот кадар, стручната служба и учениците. Ќе се вклучат во давање поддршка на наставниците за работа со ученици со потешкотии во развојот, а особено за напредување на надарените ученици. Семејствата ќе даваат поддршка во прибирање дидактички материјали, помагала и слично и ќе се вклучат во професионалната ориентација на учениците.

- Во активностите во училиштето

За активностите во училиштето родителите ќе се информираат навремено праку изготвената веб страна на училиштето, преку соопштенија, брошури и флаери. Родителите се важен фактор за успешноста на спроведени активности и токму затоа и оваа година како приоритет на училиштето е унапредување на соработката со родителите родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности,натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др.Значајни се нивните активности поврзани со донации за уредување и опремување на училниците,набавка на дидактички материјали,хуманитарни активности и др.

- Во донесување на одлуки

Најдобриот и најзастапениот заеднички облик на соработка помеѓу училиштето и родителите се родителските состаноци. Родителите учествуваат во процесот на донесување на одлуки преку Совет на родители и УО.

- Едукација на семејството

Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање на едукативни работилници, разни предавања, трибини и советодавно – консултативни работилници со цел родителите да бидат во тек со иновациите в ообразованието и како би можеле полесно да се вклучат во образовниот процес на своте деца.

- Изработка на брошури за родители

На почетокот од учебната година родителите ќе добијат брошури со информативен материјал за животот и работата на училиштето,брошури за проекти кои се реализираат во училиштето.

16. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

-Локална зедница

Училиштето остварува комуникација со претставници од локалната заедница (усна, пишана, електронска) за разни видови на активности - учество на состаноци, стручни средби, трибини, манифестации, акции, промоции и слично. Во текот на наставната година се планираат посети и набљудувања на институции и бизнис секторот кои се од значење за реализација на наставните програми.

-Институции од областа на културата

Континуираната соработка со институциите од областа на културата ќе продолжи и оваа учебна година, бидејќи тие директно или индиректно се инволвирани во воспитно-образовниот процес на училиштето. На учениците ќе им се органзираат посети на театарски претстави во народниот театар „Јордан Х.К. Цинот", народниот музеј, градската библиотека „Гоце Делчев", историски објекти и локалитети, како и ликовниот салон во градот. Активно ќе учествуваат учениците на сите објавени литературни и ликовни конкурси објавени во поширокатa средина. Училиштето е директен учесник во реализација на Детските рацинови средби.

-Институции од областа на образованието

Во текот на годината перманентно ќе се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, детски градинки, други основни и средни училишта, и др. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна), преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари, работилници, хепенинзи, квизови на знаења,приредби, спортски натпревари, турнири, еколошки и хуманитарни акции и други активности. Училиштето има потпишано и меморандум за соработка со Општина Велес, ООУ„Гоце Делчев"-Кавадарци, ООУ„Јоаким Крчовски" с. Волково, ООУ „Стојан Бурчевски Буридан"-Иванковци како и со средните училишта од општината.

-Невладини организации

Изготвената програма за соработка со локалната зедница предвидува и соработка со невладиниот сектор и тоа: НВО„РОМАКТЕД " ГА „Фокус",Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби; Здружение на лица со церебрална парализа; Ресурсен центар на слепи и слабовидни; „Здружение за здраво поколение"; РЦПЛИП-Порака; ИО „Димитар Влахов", ЕД „Вила Зора". Соработката со ЕД „Вила Зора" е во повеќе сегменти на ВОР и воннаставни активности.Формиран е огранок на ова друштво во кој членуваат четириесетина ученици од нашето училиште .

-Спортски друштва

Училиштето формира Училишен спортски клуб кој ќе соработува со сите новоформирани училишни спортски клубови. Покрај овие клубови нашиот УСК соработува и со боречкиот клуб ,,Пеливан" , ГОК,,Борец", ГРК ,,Борец", КК ,,Борец ", ФК ,,Гемиции", ФК,,Борец" и др. спортски клубови.

-Здравствени организации

Програмите за здравствена заштита и здравствено воспитување вклучуваат соработка со Медицински центар, Центар за јавно здравје, ЈЗО општа болница - Велес, Центарот за социјална работа – Велес, Осигурителните компании каде учениците и вработените се осигураат на доброволна база, Завод за ментално здравје на деца и младинци – Скопје. Во оваа учебна година ќе биде интензивирана соработката со Центарот за јавно здравје поради контролирање на храната која учениците ја купуваат во близина на училиштето и проверка на квалитетот на храната и услугата во училишната кујна.

-Медиуми

Општинското основно училиште во текот на учебната 2018/19 година со цел да се промовира училиштето за организираните и реализираните активности ќе соработува со локални медиуми : телевизиски и радио станици, пишани и интернет медиуми (Портал „Дума" и „Ти реков ми рече", веб страна на училиштето и профил на училиштето FB.
Училиштето својата транспарентност ја овозможува преку соработка со локални ТВ и радио станици како и учество во Државна телевизија со што се овозможува запознавање на јавноста за работата и афирмација на училиштето.Промоцијата на сите значајни активности ја вршат локалните телевизии *Здравкин, Канал 21* и *МРТВ* и локалната радио станица Голди. .На овој начин поширокатa јавност навремено е информирана за сите успеси и еколошки активности на училиштето.

Прилози:

Годишна програма за работа на: директор, педагог, психолог, помошник директор, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, библиотекар, дефектолог, хор и оркестар.
Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

Програма за реализација на ученички екскурзии

Програма за реализација на ученички натпревари

Програма за додатна настава и Програма за дополнителна настава

Програма за општествено хуманитарна работа

Програма за работа на ученичка заедница

Програма за соработка со локална средина и локална заедница

Програма за грижа за здравјето на учениците

Програма за јавна и културна дејност на училиштето

Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем

Распоред на часови

Програма на инклузивен тим за образование

Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште

Програма за професионална ориентација на ученици

Програма на МИО

Следење, вреднување и унапредување на воспитно- образовната работа

Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
Програмата за антикорупциска едукација на учениците

Прилози од Програмата "Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на Репулика Македонија"

Прилог 1: Формулар за членови на Еко одбор

Прилог 2: Анализа на состојбата на животната средина

Прилог 3: План на активности, следење и евалуација

Прилог 4: Поврзување со наставата

Училиштето работи согласно шесте еко-стандарди и има напревано план на активности во кој има вметнато одредени точки на акција од шесте еко-стандарди.

1.Енергија

Цел: Намалување на потрошувачката на електричнатана енергија и топлина во училиштето

Очекувани резултати: Подигнување на еколошката свест во училиштето; Намалени сметки за струја; Намалени сметки за греење во училиштето.

2. Вода

Цел: Намалување на потрошувачка на вода во училиштето за 15% од претходната година

Очекувани резултати: Подигнување на еколошката свест во училиштето; Намалени сметки за вода во училиштето.

3. Уреден и еколошки двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина

Цел: Еколошки и функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во училиштето кој е безбеден и пристапен за сите

Очекувани резултати: Подигнување на еколошката свест во училиштето; уреден и функционален поливалентен простор и максимално искористен; подобрени услови за реализација и презентација на воннаставни активности и активности од редовната настава; збогатување на содржините на слободните ученички активности; презентација и афирмација на постигнувања на ученици.

Уреден поливалентниот простор кој е еден значаен сегмент од моделот на квалитетно и ефективно училиште, чија цел е насочена во внесување на систематски промени како клучен фактор за развој на квалитетот.

***4.* Внатрешна средина**

Цел: Еколошко и функционално одржување на зградата и здрава внатрешна средина

Очекувани резултати: Подигнување на еколошката свест во училиштето. Создавање соодветни здрави услови за учење и работење во училиштето.

5. Отпад

Цел: Едукација за намалување на отпадот преку организирана селекција

Очекувани резултати: Подигнување на еколошката свест во училиштето. Селекција на отпадот и негово рециклирање.

6. Транспорт

Цел: Едукација и информирање за одржлив транспорт преку користење алтернативни превозни средства и поставување инфраструктура.

Очекувани резултати: Подигнување на еколошката свест во училиштето. Применување и создавање на нови навики за транспорт и користење на алтернативни превозни средства.

Инструмент за подготовка, следење и евалвација на програмите и акционите планови

Година 2018/2019																		
	Временска рамка (месец)															Следење		
Активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	Носител	Начин на спроведување (ресурси)	инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице	Буџет
Следење на реализација на Годишната програма													Тим за евалуа на год програма	Анализи на реализација на Год.програм	Анализи Записници Фотографии документи	Успешна реализација на Год. програма	Директор	Сопствени средства
Следење на реализација на квалитетот на наставата													Директор Стручна служба Стручни активи	Посета на час Увид во д. подготовки	Чек листа Записник фотографии	Квалитетна настава	Директор	Сопствени средства
Осовременување на наставата													Директор Психолог Педагог	Увиди во записници од додатна и дополнителна настава	Анкети Анализи извештаи	Подобрување на училишниот успех	Претседатели на стручни активи	Сопствени средства Проекти донации
Евалуација на професионален развој на вработените													Директор Претседатели на стручни активи	Разговори Увиди во наставничко досие	Проф.досие на вработените	Унапредување на компет. на наст кадар	Стручна служба	Сопствени средства
Следење на реализација на акциските планови													Училишен одбор Стручни активи	Разгледување на извештаи од реализираните активности	Записници Анализи Извештаи Пед. евиден	Квалитетна реализација на приор.на училиштето	Коорд. на тим за акц.планови	Сопствени средства
Евалуација на работата на стручните активи													Наставнички совет	Анализи и дискусии по извештаи од стр активи	Записници Анализи Извештаи	Утвр на подрачја за промени во наред.учгод	Директор Стручна служба, наставници	Сопствени средства
Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година													Одделенски и наставнички совет	Стат. анализи на среден успех на уч на пол.и крај на година	Формулари со статистички пресметки Анализи	Подобрување на училишниот успех	Директор Стручна служба,	Сопствени средства
Увиди во водење на педагошка евиденција и документација													Директор Педагог Комисии за педагошка евиденција	Прегледување на педагошка евиденција и документација	Записници Извештаи	Запазување на закон. во работењето Утвр. на подрачја за промени	Педагог, психоло	Сопствени средства

Годишната програма на училиштето ја подготвуваше тимот во состав:

1. Сашко Чоков - директор
2. М-р Александар Домазетов - заменик директор
3. Евица Кимова- педагог
4. Лидија Хаџиарсова – психолог
5. М-р Асен Прличков – психолог
6. М-р Сања Гуџова – проф. во одд.настава
7. Максут Бакиовски – наставник во одд.настава
8. Милка Андонова – проф. по ТО
9. Јасминка Наумова – проф. во одделенска настава

Директор

Сашко Чоков

Сашко Чоков

Датум 27.08.2019 година

Место

Претседател на Училишен одбор

МП